## АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**1306.**

Врз основа на член 92 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10 и 24/12), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ КОИ НЕ СЕ ПО ICAO СТАНДАРДИ КАКО И ЗА АМАТЕРСКИ ГРАДЕНИ ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција на воздухоплови кои не се по ICAO стандарди (ултралесни летала, моторизирани крила и крила за слободно летање), како и за аматерски градени воздухоплови (во понатамошниот текст: воздухоплови).

Член 2

Воздухопловите се впишуваат во Книгата за евиденција на воздухоплови кои не се по ICAO стандарди како и за аматерски градени воздухоплови (во понатамошниот текст: Книга за евиденција на воздухоплови).

Член 3

Книгата за евиденција на воздухоплови се состои од главна книга, збирка на исправи и помошни именици.

Член 4

(1) Главната книга се состои од една или повеќе книги со формат А4 кои се означуваат со редни броеви.

(2) Секоја од книгите од став (1) на овој член содржи одреден број на влошки кои се означуваат со редни броеви.

(3) Влошките на главната книга се состојат од евиденциски, сопственички и товарен лист.

(4) Секој воздухоплов се запишува во посебна влошка.

(5) Формата и содржината на главната книга е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

(1) Упис на воздухоплов во евиденцискиот и сопственичкиот лист на Книгата за евиденција на воздухоплови се врши врз основа на решение за упис согласно Законот за воздухопловство.

(2) Во евиденцискиот лист на влошката на главната книга се запишуваат податоци за евиденциската ознака, потврдите/атестите и другите уверенија за одобрување на типот (ако постојат такви) како и други податоци за воздухопловот.

(3) Во сопственичкиот лист на влошката на главната книга се запишуваат податоци за сопственикот и/или корисникот на воздухопловот, податоци за начинот на стекнување на сопственоста односно правото на располагање на воздухопловот.

(4) Упис на права врз воздухоплов во товарниот лист на Книгата за евиденција на воздухоплови се врши врз основа на доказ за постоење на заложно право.

(5) Во товарниот лист на влошката на главната книга се запишуваат податоци за видот на заложното право, заложниот должник и доверител, износот на залогот, податоци за упис и бришење на залог и забелешки предвидени со Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај.

Член 6

(1) Збирката на исправи ги содржи барањата, документите и исправите врз основа на кои е извршен уписот на воздухопловот во евиденцискиот, товарниот и сопственичкиот лист, решенијата кои ги донесува директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство (во натамошниот текст: Агенција) и други документи кои се однесуваат на упис односно бришење на воздухопловот од Книгата за евиденција на воздухоплови.

(2) Формата и содржината на збирката за исправи е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Помошните именици кои се водат се:

1. именик на воздухоплови кои се впишани во Книгата за евиденција на воздухоплови, даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник;

2. именик на воздухоплови кои се избришани од Книгата за евиденција на воздухоплови, даден во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник и

3. именик на сопственици/корисници на воздухоплови во кој се запишуваат физичките и правните лица кои имаат право на располагање или користење на воздухопловот, даден во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

(1) Операторот на воздухоплов треба да поднесе писмено барање до Агенцијата за упис на воздухоплов во Книгата за евиденција на воздухоплови.

(2) Операторот на воздухопловот, секоја промена на податоците внесени во Книгата за евиденција на воздухоплови ја пријавува во рок од 15 дена од денот на настанатата промена со писмено барање до Агенцијата за запишување на промената во Книгата за евиденција на воздухоплови и во употребната дозвола.

Член 9

Кон барањето за упис на воздухоплов во Книгата за евиденција на воздухоплови, операторот на воздухопловот треба да ги достави следните документи:

1. записник од извршен основен преглед од страна на овластено лице од Агенцијата, во кој е констатирано дека воздухопловот ги исполнува пропишаните услови за пловидбеност;

2. копија од уверение за државјанство и копија од лична карта за домашно физичко лице односно дозвола за престој за странско физичко лице, или решение за упис во Централниот регистар;

3. потврда за бришење на воздухопловот од претходната држава во која бил запишан воздухопловот или изјава од производителот, односно претходниот сопственик дека истиот не бил запишан во друг странски регистар/евиденција на воздухоплови;

4. доказ за пловидбеноста на воздухопловот при извозот што го издал надлежен орган на земјата во која бил впишан/евидентиран воздухопловот, со кој што се потврдува дека истиот е пловидбен;

5. доказ за сопственост (купопродажен договор со платена сметка, договор за дар или друг доказ) или договор за закуп или заем на воздухопловот без екипаж;

6. доколку операторот не е сопственик на воздухопловот, потребно е да се достави изјава со која сопственикот на воздухопловот се согласува истиот да се запише во Книгата за евиденција на воздухоплови на Република Македонија и

7. доказ за платена административна такса утврдена со Законот за административните такси и платен надоместок утврден со тарифник на Агенцијата.

Член 10

(1) Документите од член 9 на овој правилник треба да бидат во оригинал или копија заверена кај нотар согласно Законот за општа управна постапка.

(2) За докуметите од член 9 точка 5 на овој правилник кои се изготвени на јазик различен од македонскиот јазик, покрај оригиналот или копијата заверена кај нотар се поднесува и превод на македонски јазик изготвен од овластен судски преведувач.

Член 11

(1) Доколку барањето од член 8 на овој правилник содржи формален недостаток, се известува барателот кој во рок од 15 дена треба да ги отстрани констатираните недостатоци.

(2) Доколку барателот ги отстрани недостатоците во рокот од став (1) на овој член се смета дека барањето било уредно од самото поднесување.

(3) Доколку барателот не ги отстрани недостатоците во рокот од став (1) на овој член, барањето се отфрла.

Член 12

Агенцијата по приемот на барањето и потребната документација започнува со утврдување на сите факти и докази/околности што се од значење за утврдување на исполнетоста на условите за евиденција на воздухоплов, при што особено се проверува:

- дали воздухопловот ги исполнува пропишаните услови за пловидбеност;

- дали домашното физичко лице има македонско државјанство, односно дали странското физичко лице има регулиран престој во Република Македонија или дали правното лице е регистрирано и со седиште во Република Македонија;

- дали потврдата за бришење на воздухопловот од претходната држава каде што тој бил впишан во регистар или евиденција, ги има потребните податоци за воздухопловот како и печат и потпис од овластеното лице од воздухопловната власт која го издава документот;

- дали доказот за пловидбеност на воздухопловот за извоз ги содржи потребните податоци за воздухопловот како и печат и потпис од овластеното лице од воздухопловната власт која го издава документот;

- дали доставениот купопродажен договор или доказ за друг вид на право на користење на истиот е валиден и потпишан од овластени лица на двете договорни страни или одобрен од Агенцијата;

- дали во изјавата сопственикот на воздухопловот се согласил истиот да се впише во Книгата за евиденција на воздухоплови на Република Македонија, доколку операторот не е сопственик на воздухопловот.

Член 13

(1) Доколку Агенцијата утврди дека се исполнети сите пропишани услови, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето со комплетна документација и докази донесува решение за упис на воздухопловот во Книгата за евиденција на воздухоплови кое заедно со употребната дозвола му го доставува на барателот.

(2) Доколку Агенцијата утврди дека не се исполнети сите пропишани услови за упис на воздухопловот во Книгата за евиденција на воздухоплови, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето со комплетна документација и докази согласно член 7б од Законот за воздухолпловство донесува решение за одбивање на барањето во кое се наведуваат причините за одбивањето.

Член 14

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 мај 2012 година.

Бр. 10-48/5
22 март 2012 година
Скопје

Директор,
д-р **Дејан Мојсоски,** с.р.

ПРИЛОГ 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

# КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ КОИ НЕ СЕ СПОРЕД ICAO СТАНДАРДИ (УЛТРАЛЕСНИ ЛЕТАЛА, МОТОРИЗИРАНИ КРИЛА И КРИЛА ЗА СЛОБОДНО ЛЕТАЊЕ) КАКО И ЗА АМАТЕРСКИ ГРАДЕНИ ВОЗДУХОПЛОВИ

**BOOK OF RECORDS FOR AIRCRAFT OTHER THAN ICAO STANDARD AIRCRAFT (ULTRALIGHT AIRCRAFT, POWERED WINGS AND WINGS FOR FREE FLIGHT FLYING), AS WELL AS AMATEUR CONSTRUCTED AIRCRAFT**

## ГЛАВНА КНИГА

**MAIN BOOK**

ПРИЛОГ 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за цивилно воздухопловство

REPUBLIC OF MACEDONIA
Civil Aviation Agency

# КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ КОИ НЕ СЕ СПОРЕД ICAO СТАНДАРДИ (УЛТРАЛЕСНИ ЛЕТАЛА, МОТОРИЗИРАНИ КРИЛА И КРИЛА ЗА СЛОБОДНО ЛЕТАЊЕ) КАКО И ЗА АМАТЕРСКИ ГРАДЕНИ ВОЗДУХОПЛОВИ

# BOOK OF RECORDS FOR AIRCRAFT OTHER THAN ICAO STANDARD AIRCRAFT (ULTRALIGHT AIRCRAFT, POWERED WINGS AND WINGS FOR FREE FLIGHT FLYING), AS WELL AS AMATEUR CONSTRUCTED AIRCRAFT

## ГЛАВНА КНИГА

## MAIN BOOK

Книга број________________ Содржи________________ страници
Volume number contains pages

Печат
Seal

________________________
Потпис на одговорното лице
Authority signature

ПРИЛОГ 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

**Број на досие** ________
*File Number*

**Евиденциска ознака** ________
*Assigned Mark*

# *ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ*
## RECORD PAGE

| | |
|---|---|
| **Производител и земја на производство:**<br>*Manufacturer and country of origin:* | |
| **Тип и модел на воздухопловот:**<br>*Aircraft Type and Model :* | |
| **Класа на воздухопловот:**<br>*Aircraft class:* | |
| **Намена и употреба на воздухопловот:**<br>*Purpose of use :* | |
| **Година на производство:**<br>*Production date:* | **Сериски број:**<br>*Serial Number:* |
| **Број на странско уверение за тип/атест:**<br>*No. of Type Approval /Attest of the State of Design:* | |
| **Број на одобрението на типот во Република Македонија:**<br>*No. of Type Approval /Attest of the Republic of Macedonia:* | |

| |
|---|
| **Предходна евиденциска ознака/држава:**<br>*Previous Assigned Mark / State:* |

| | |
|---|---|
| **Тежина на празен воздухоплов:**<br>*Empty Weight:* | **Макс.тежина при полетување:**<br>*Maximum Take–Off Weight:* |
| **Ознака и сериски број на мотор (и):**<br>*Model and Engine Serial Number:* | |
| **Ознака и сериски број на елиса (и):**<br>*Model and Propeller Serial Number:* | |
| **Опрема:**<br>*Equipment:* | |

**Датум на упис во евиденцијата** *(Date of entry):* ____________________

**Датум на бришење од евиденцијата** *(Date of deletion):* ____________________

ПРИЛОГ 1

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

**Број на досие** ________
*File Number*

**Евиденциска ознака** ________
*Assigned Mark*

## *СОПСТВЕНИЧКИ ЛИСТ*
*OWNERSHIP SHEET*

| **Број**<br>No. | **Сопственик и негова адреса:**<br>*Name and Address of Owner:* | **Корисник и негова адреса**<br>*Name and Address of User:* | **Начин на сопственост**<br>*Ownership type:* | **Бр.на решение, дата на упис во Книгата за евиденција**<br>Registration | **Бр.на решение, Дата на бришење од Книгата за евиденција**<br>*Deregistration* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

## *ТОВАРЕН ЛИСТ*
*MORTGAGE SHEET*

| **Реден број**<br>No | **Вид на заложно право**<br>*Mortgage type* | **Име и адреса на заложниот должник**<br>*Name and Address of Mortgagor* | **Заложен доверител, негова адреса, број на договор за залог** *Name and Address of Mortgagee, No. Mortgage deed* | **Износ на залогот**<br>*Mortgage Amount* | **Упис на залог**<br>*Date of entry of mortgage* | **Бришење на залог**<br>*Deregistration of Mortgage* | **Забелешки**<br>*Remarks* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

***Важност на употребната дозвола***
*Validity of Operation Permition*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |

ПРИЛОГ 2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

**Број на досие** __________
*File Number*

**Евиденциска ознака** __________
*Assigned Mark*

# ЗБИРКА НА ИСПРАВИ
## *DOCUMENTS LIST*

| **Број** *No.* | **Дата и наш број** *Date and no.* | **Документ** *Document* | **Испраќач/ дата и број** *Sender/date / no* | **Запишал** *Entered by* |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

ПРИЛОГ 3

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

# ИМЕНИК НА ВОЗДУХОПЛОВИ ВПИШАНИ ВО КНИГАТА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ КОИ НЕ СЕ СПОРЕД ICAO СТАНДАРДИ (УЛТРАЛЕСНИ ЛЕТАЛА, МОТОРИЗИРАНИ КРИЛА И КРИЛА ЗА СЛОБОДНО ЛЕТАЊЕ) КАКО И ЗА АМАТЕРСКИ ГРАДЕНИ ВОЗДУХОПЛОВИ

*LIST OF RECORDED AIRCRAFT*

| **Број на досие** *File number* | **Дата на упис** *Date of entry* | **Евиденциска ознака** *Assigned mark* | **Тип** *Type* | **Сериски број** *Serial number* | **Корисник** *User* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

ПРИЛОГ 4

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

# ИМЕНИК НА ВОЗДУХОПЛОВИ ИЗБРИШАНИ ОД КНИГАТА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ КОИ НЕ СЕ СПОРЕД ICAO СТАНДАРДИ (УЛТРАЛЕСНИ ЛЕТАЛА, МОТОРИЗИРАНИ КРИЛА И КРИЛА ЗА СЛОБОДНО ЛЕТАЊЕ) КАКО И ЗА АМАТЕРСКИ ГРАДЕНИ ВОЗДУХОПЛОВИ

*LIST OF DELETED AIRCRAFT*

| **Број на досие** *File number* | **Дата на бришење** *Date of deletion* | **Евиденциска ознака** *Assigned Mark* | **Тип** *Type* | **Сериски број** *Serial number* | **Корисник** *User* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

ПРИЛОГ 5

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

**REPUBLIC OF MACEDONIA**
**Civil Aviation Agency**

**СОПСТВЕНИК/КОРИСНИК**
*OWNER/USER*

________________________________________

**НЕГОВА АДРЕСА**
*ADDRESS*

________________________________________

## ИМЕНИК НА СОПСТВЕНИЦИ/КОРИСНИЦИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ
*LIST OF AIRCRAFT OWNER / USER*

| **Број на досие** *File number* | **Евиденциска ознака** *Assigned mark* | **Тип** *Type* | **Сериски број** *Serial number* | **Дата на упис** *Date of entry* | **Дата на бришење** *Date of deletion* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |